**СТОМАТОЛОШКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА**
**ODA STOMATOLOGJIKE E MAQEDONISË**
**MACEDONIAN DENTAL CHAMBER**

MEMBER OF fdi FDI World Dental Federation

**Бр. 02 - 611/1**
**08.04.2026 година**

Врз основа на член 19, став 8 и 9 од Статутот на Стоматолошката Комора ("Службен Весник на Република Северна Македонија", број 46/2023), а во врска со член 4 од Правилникот за избори и одповикување на членови на регионалните Одбори, Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората бр.02-3202/6 од 28.03.2022 година, Претседателот на Стоматолошката комора на Македонија донесува

## ОДЛУКА
## за распишување на избори за членови на регионални одбори и делегати во Собранието

### Член 1

Се распишуваат избори за членови на регионални одбори и делегати во Собранието на Стоматолошката комора на Македонија во следните региони:

- Регион Куманово
- Регион Велес
- Регион Штип
- Регион Свети Николе
- Регион Гевгелија.

### Член 2

Се задолжува Централната изборна комисија на Комората, во рок од 24 часа од донесувањето на оваа Одлука, да преземе активности за спроведување на изборите во регионите наведени во член 1, согласно одредбите од Статутот и Правилникот за избори и отповикување na членови на регионалните Одбори, Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена на веб-страницата на Комората.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Стоматолошката комора на Македонија, на ден 08.04.2026 година одржа трето продолжение на изборно-конститутивната седница во вонредни услови. Како трета точка од дневниот ред, Собранието расправаше и одлучуваше за распишување на избори во пет региони: Куманово, Велес, Штип, Свети Николе и Гевгелија во кои со судска одлука беа поништени мандатите на регионалните одбори и на делегатите во Собранието.

Собранието донесе Одлука да се распишат избори за регионални одбори и делегати од регионите Куманово, Велес, Штип, Свети Николе и Гевгелија.

Истовремено, врз основа на оваа одлука и член 4 од Правилникот за избори и отповикување на членови на регионалните Одбори, Собранието, Претседател на Комората и другите органи на Комората, Претседателот на Комората да донесе формална одлука за распишување на изборите во наведените региони.

Согласно член 19, став 7 од Статутот на Комората, изборите за делегати во Собранието ги распишува Претседателот на Комората. Врз основа на ова овластување и одлуката на Собранието, Претседателот на Комората ја донесува оваа Одлука за распишување на избори во наведените региони.

Изборите во овие региони се неопходни после Пресудата на Управниот суд У-4.бр.306/25 за поништување на Одлуката за верификација на мандати на избрани делегати во Собрание на Комората 02-533/9 од 29.05.2023 година, каде не се верификувани мандати бидејќи нема услови да се пополнат и потребни се нови избори.

Со оглед на горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател на Стоматолошка комора на Македонија**

Проф. д-р Благоја Даштевски